ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-390/2**

**Дата: 28.02.2012**

ДО
КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785) за 2010 година на Кабинетот на Претседател на Република Македонија.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседател на Република Македонија, сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785) за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

Изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

____________________________

____________________________ ______________________

____________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785) на Кабинетот на Претседател на Република Македонија, кој се состои од Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи на сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785) за 2010 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Кабинетот на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785)за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Дарко Ангелов, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија до 26.03.2010 година и
- Борис Јосифовски, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија од 26.03.2010 година;

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите на сметка на буџет на донации – Проект Обука на лидери (785) на Кабинетот на Претседател на Република Македонија се користени за планираните намени утврдени од страна на донаторот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни



____________________________
____________________________ ______________________
____________________________

ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 10.11.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 28.11.2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Обука на лидери (785) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.



______________________

______________________ ______________________

______________________

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи Кабинет на Претседател на Република Македонија сметка на буџет на донации – Обука на лидери (785), во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.



____________________________

____________________________ ______________________

____________________________

**Кабинет на Претседателот на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1,979 | - |
| **Вкупно приходи** | | **1,979** | - |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2. | 1,946 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,946** | - |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 33 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | **33** | - |
| **Вкупно расходи** | | **1,979** | - |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

________________________

________________________ ____________________

________________________